О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

01 Октомври 2020 година, Гевгелија    Број 10    Година XXXIX

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 5 и член 53 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За разрешување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се разрешува Ангелинка Петкова** од функцијата член на Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1486/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 5 и член 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За избор на член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Гевгелија**

1.Се избира Анета Стамкова, на функцијата член на Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1487/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 6 и член 53 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За разрешување член на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата при Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се разрешува Ангелинка Петкова** од функцијата член и воедно претседател на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1488/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 6 и член 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за избор на член на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата при Советот на Општина Гевгелија**

1.Се избира Анета Стамкова, на функцијата член и воедно Претседател на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1489/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.,), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## За измена на Одлуката за делегирање вршење на работите на одржување и давање на користење на спортски објекти, сопственост на општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за делегирање вршење на работите на одржување и давање на користење на спортски објекти сопственост на општина Гевгелија, донесена од Советот на општина Гевгелија под бр.07-2213/1 од 25.08.2011 година.

Измената се врши во член 3 алинеа 2 која се брише и во член 1, 2 каде зборовите „спортски објекти" се заменува со зборот „спортски објект" и член 4, 5 и 6 каде зборот „објекти" се заменува со зборот „објект".

### Член 2

Измената на оваа Одлука се врши поради неможноста на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија соодветно да ги одржува тениските игралишта во новонастанатите услови предизвикани од пандемијата и насочувањето на сите расположливи човечки ресурси кон вршење на работи поврзани со дезинфекција на улиците што всушност претставува и основна дејност на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија. Причина за измена на одлуката е и економската неисплатливост на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да ги одржува тениските игралишта.

### Член 3

Се задолжуваат стручните служби во Општина Гевгелија да подготват Договор за раскин на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со користењето на спортскиот објект-тениски игралишта.

### Член 4

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за делегирање вршење на работите на одржување и давање на користење на спортски објекти сопственост на општина Гевгелија, донесена од Советот на општина Гевгелија под бр.07-2213/1 од 25.08.2011 година.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-1490/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 2 став (4) и член 40 став (2) точка 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен Весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 год. и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2020 година, расправајќи по барањето на Тениски клуб „КРУНА“ од Гевгелија, поддржана од Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

# ОДЛУКА

## За давање под закуп за користење и стопанисување со спортски објект – тениски игралишта во сопственост на Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давањето под закуп за користење и стопанисување со спортски објект-тениски игралишта во сопственост на Општина Гевгелија, на времено користење на Тенискиот клуб „КРУНА“ од Гевгелија и се уредуваат условите и начинот на негово користење.

**Член 2**

Спортските објекти - тениски игралишта кои се во сопственост на општина Гевгелија, се со површина од 1552 м2 која се наоѓа на КП бр.6727/3 КО Гевгелија, запишани во имотен лист бр.19375 издаден од Агенција за катастар на недвижности-Гевгелија.

**Член 3**

Давањето под закуп за користење и располагање со овој спортски објект – тениски игралишта ќе се одвива преку давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба, согласно член 40 став (2) точка (5) од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи („Службен Весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 год. и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 год.).

**Член 4**

Закупецот од членот 3 на оваа Одлука ќе се обврзе да располага со гореспоменатиот објект заради вршење на неговата основна дејност – обука на млади за тениски натпревари.

**Член 5**

Објектот во сопственост се дава под закуп за времено користење во период од **една година**, без надоместок од закупецот. Закупецот се обврзува овој објект да го оспособи за нормално одвивање на гореспоменатата дејност, односно подобрување на состојбата на терените.

**Член 6**

За начинот и условите на користење на објектот, Општина Гевгелија како закуподавач и закупецот ќе склучат посебен договор.

Договорот од име на општината се обврзува да го потпише Градоначалникот на Општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на Општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1491/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 год. и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање согласност на Дополнителен Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" - Гевгелија за 2021 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Дополнителниот Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" - Гевгелија за 2021 година.

**Член 2**

За реализација на планираните вработувања ќе се бара дополнување на блок дотацијата.

**Член 3**

Се обврзува вд директорот на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија, Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" - Гевгелија за 2021 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1492/1
30.09.2020 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,............64/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2019/2020 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-587/1 од 26.08.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1493/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02.....64/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-588/1 од 26.08.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1494/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Тодор Ристов**

----------------------------------

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за средно образование (Основен текст на законот "Сл.весник на РМ" бр.44/95 и измените "Сл.весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и 64/2018), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06,08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебна 2020/2021 год.**

1.Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од 25 во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2020/2021 год.и тоа:

| **Вид на образование во I година средно образование** | **Паралелки** | **Ученици** |
|---|---|---|
| Гимназиско образование/природно математичко подрачје-комбинација Б (француски јазик) | 1 | 14 |
| Гимназиско образование/природно математичко подрачје-комбинација Б (германски јазик) | 1 | 14 |
| Гимназиско образование/општествено хуманистичко подрачје-комбинација А | 1 | 7 |
| Гимназиско образование/општествено хуманистичко подрачје-комбинација Б | 1 | 11 |
| Еекономско,правна и трговска струка/економски техничар | 1 | 17 |
| Угостителско туристичка струка/Келнер | 1 | 11 |
| Угостителско туристичка струка/Готвач | 1 | 9 |
| Машинска струка/машински техничар за моторни возила | 1 | 16 |
| Машинска струка/автотехничар и заварувач | 1 | 6 |
| **Вкупно паралелки** | **9** | **105** |

2.Ова Решение влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1495/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05.......64/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за проектот "Менаџирање и обука за готварство и угостителство", за период јуни-декември 2020 по ставки и подставки на донаторска сметка 7150108249-785-98**

1.Се усвојува финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за проектот "Менаџирање и обука за готварство и угостителство", за периодот јуни-декември 2020 година по ставки и подставки на донаторска сметка 7150108249-785-98, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-681/1 од 24.09.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-1496/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (" Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр..23/13, 12/14, 44/14, 144/14...........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија за 2019/2020 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ "Детска Радост" - Гевгелија за 2019/2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-127/7 од 24.08.2020 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1497/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр..23/13, 12/14, 44/14, 144/14...........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија за 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" - Гевгелија за 2020/2021 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-127/8 од 24.08.2020 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1498/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.....198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија**

**Член 1**

Се усвојува Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија, донесена и предложена од Управниот одбор на јавната установа за деца со Одлука бр.02-127/5 од 24.08.2020 година.

**Член 2**

Распоредот на работното време во оваа јавна установа се утврдува скалесто, определен во рамките на работното време од 05:30 до 16:30 часот.

Одморот во текот на дневното работно време на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија е во траење од 30 минути и се користи скалесто.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија."

Бр.09-1499/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## За давање на управување и користење на Фекален колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин, Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба, објект – Фекален колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин, Општина Гевгелија.

Вкупната вредност на објектот „Фекален колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин, Општина Гевгелија", изнесува 7.173.223,оо денари**.**

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија, се предава:

-Основниот проект (Измена) за Изградба на фекален колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин, Гевгелија, тех.бр.157-34/2018 година, од април 2018 година изработен од ДГ„СИВИЛ ИНЖИНЕРИНГ" Доо Скопје, и

-Основен проект за Изградба на нов 0,4 кV кабелски приклучен вод за напојување на пречистителна станица за отпадни води во с.Моин, тех.бр.158-34/2018 година, од април 2018 година изработен од ДГ„СИВИЛ ИНЖИНЕРИНГ" Доо Скопје.

**Член 3**

За примопредавањето на изведената градба „Колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин", Општина Гевгелија, ќе се формира Комисија од претставници од ЈПКД "Комуналец" " - Гевгелија и Општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1500/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**За донесување на Конечен Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

**Конечниот Урбанистички план вон населено место за** локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 18,05 ха.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи, КО Негорци, Општина Гевгелија се движи како што следи:

- на **север** границата започнува од точката 1 на тромеѓето на катастарските парцели КП3947, КП3948 и КП3950 и се движи во источен правец долж границата на КП3949 со КП3948 и КП3950, продолжува долж границата на КП4026 со КП3951 сè до прекршната точка 7 (тромеѓе на катастарските парцели КП3951, КП4026 и КП4752/1), па ја сече КП4752/1 во источен правец сè до прекршната точка 8, на границата меѓу КП4752/1 и КП3952, КО Негорци, Општина Гевгелија;
- на **исток** границата започнува од прекршната точка 8 и се движи во југоисточен правец долж границата на КП4752/1 со КП3952, КП4747, КП4014, КП4012, КП4013/1, КП4013/2, КП4001/1, КП4001/2, КП4002 и КП3996, сè до прекршната точка 26. Оттука скршнува во југозападен правец, отпрвин сечејќи ја КП4752/1 до прекршната точка 27 (тромеѓе на катастарските парцели КП4752/1, КП4669 и КП4670), а потоа продолжувајќи долж границата на КП4669 со КП4670, сè до прекршната точка 33 (тромеѓе на катастарските парцели КП4668, КП4669 и КП4670).

Продолжува во југоисточен правец долж границата на КП4668 со КП4670 сè до прекршната точка 34 (тромеѓе на катастарските парцели КП4668, КП4670 и КП4671). Оттаму се движи во североисточен правец долж границата на КП4671 со КП4670, сè до прекршната точка 35 (тромеѓе на катастарските парцели КП4752/1, КП4670 и КП4671), па продолжува сечејќи ги КП4752/1 и КП3983/1 во југоисточен правец, сè до прекршната точка 37 на границата помеѓу КП4752/1 и КП4675. Оттука продолжува долж границата на КП4752/1 со КП4675, а помеѓу прекршните точки 38 и 39 повторно ја сече КП4752/1. Продолжува движејќи се долж границата на КП4752/1 со КП4682/4, КП4683/2 и КП4674/9, па по границата меѓу КП4673 со КП4674/9, сè до прекршната точка 47 (судирна точка на границите на КП4674/1, КП4674/2, КП4674/5, КП4674/8 и КП4674/9).

- на **југ** границата започнува да се движи во западен правец долж границата на КП4674/5 со КП4674/2 и 4674/3, сè до прекршната точка 50 (тромеѓе на катастарските парцели КП4674/3, КП4674/5 и КП4674/3), од каде продолжува во истиот правец сечејќи ја КП4674/5 сè до точката 51 на границата со КП4727.
- на **запад** границата започнува да се движи во северозападен правец долж границата на КП4674/5 со КП 4727. Продолжува долж границата на КП4674/5 со КП4673, па долж границата на КП4674/1 со КП4673 и границата на КП4668 со КП4673, сè со прекршната точка 68 (тромеѓе на катастарските парцели КП4727, КП4668 и КП4673). Оттаму продолжува повторно во северозападен правец, отпрвин долж границата на КП4668 со КП4727, а потоа сечејќи ја КП4727, сè до прекршната точка 97 (тромеѓе на катастарските парцели КП4027, КП4028 и КП4727). Оттаму се движи долж границата на КП4028 со КП4027, па долж границата на КП4026 со КП4027, па долж границата на КП3949 со КП4027 и долж границата на КП3949 со КП3947, сè до почетната точка 1.

Во своите граници планскиот опфат целосно ги опфаќа КП3949, КП3985/2, КП4015, КП4016/1, КП4016/2, КП4017, КП4018, КП4019, КП4020, КП4021, КП4022, КП4023, КП4024, КП4025, КП4026, КП4028, КП4663, КП4667/1, КП4667/2, КП4667/3, КП4667/4, КП4668, КП4669, КП4671, КП4672 и КП4674/1, како и делови од КП3983/1, КП4674/5, КП4727/1 и КП4752/1, КО Негорци, Општина Гевгелија.

Најсеверна и најзападна е точката број 1, со координати Y=7625111,2200 и X=4560281,7100.

Најисточна е точката број 41, со координати Y=7625888,1900 и X=4559630,8600.

Најјужна е точката број 51, со координати Y=7625801,4000 и X=4559452,2100.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечниот Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, е со следните намени:

Б5- хотелски комплекси
В2 - здравство и социјална заштита
В4 - државни институции
Е2 - комунална супраструктура

Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зеленило
Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)

**Член 4**

Конечниот Предлог-Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година се состои од текстуален и графички приказ и Извештајот од спроведената јавна анкета за урбанистичкиот план, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Предлог УПВНМ за локалитет Негорски бањи, КО Негорци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1501/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, донесе

## ОДЛУКА

**За донесување на Техничка исправка за ГП 18, ГП 35, ГП 36, ГП 37, ГП 39, ГП 40, ГП 41, ГП 44, ГП 48, ГП 55, ГП 56, ГП 58, ГП 59, ГП 60, ГП 61, ГП 62, ГП 63 од Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 18, ГП 35, ГП 36, ГП 37, ГП 39, ГП 40, ГП 41, ГП 44, ГП 48, ГП 55, ГП 56, ГП 58, ГП 59, ГП 60, ГП 61, ГП 62, ГП 63 од Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), општина Гевгелија, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Техничка исправка за ГП 18, ГП 35, ГП 36, ГП 37, ГП 39, ГП 40, ГП 41, ГП 44, ГП 48, ГП 55, ГП 56, ГП 58, ГП 59, ГП 60, ГП 61, ГП 62, ГП 63 од Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), општина Гевгелија, е составен дел на

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), општина Гевгелија, која ќе се применува во форма на пречистена верзија на планот за градежните парцели за кои се однесува исправката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1502/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.652 КО Конско

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација (УП за с.Конско), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект на Виктор Петков од Гевгелија на КП бр.652 КО Конско во класа на намена А1- домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1503/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.609/3 и дел од КП бр.610 КО Конско)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистички план (УП) за Конско, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект-викенд куќа на КП бр.609/3 и КП бр.610 КО Конско во класа на намена А4 (времено сместување), а по барање УП.1 бр.11-413-л од 18.12.2018 год. на Томе Пелев од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1504/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од измена на намената во урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) на КП бр.2136 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Измена во Генерален урбанистички план во Гевгелија, со која ќе се врши измена во намената со цел вклопување на бесправно изграден станбен објект на КП бр.2136 КО Гевгелија од класа (Г2, Г3, Г4- производство, дистрибуција, сервиси) во класа на намена во која е компатибилна намена (А домување), а по барање УП.1 бр.09-1879 од 24.08.2011 год. на Боне Мишков од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1505/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од измена на намената во урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) на КП бр.2156 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Измена во Генерален урбанистички план во Гевгелија, со која ќе се врши измена во намената со цел вклопување на бесправно изграден станбен објект на КП бр.2156 КО Гевгелија од класа (Г2, Г3, Г4- производство, дистрибуција, сервиси) во класа на намена во која е компатибилна намена (А домување), а по барање УП.1 бр.09-2932 од 31.08.2011 год. на Александар Јованов од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1506/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од измена на намената во урбанистичко-планска документација (ГУП на Гевгелија) на КП бр.2140 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Измена во Генерален урбанистички план во Гевгелија, со која ќе се врши измена во намената со цел вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.2140 КО Гевгелија од класа (Г2, Г3, Г4- производство, дистрибуција, сервиси) во класа на намена во која е компатибилна намена (А домување), а по барање УП.1 бр.09-2932 од 31.08.2011 год. на Спаска Проданова од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1507/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Серменин (КП бр.625 КО Серменин)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистички план (УП) за с.Серменин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект-викенд куќа на КП бр.625 КО Гевгелија во класа на намена А4 (времено сместување), а по барање УП.1 бр.11-284-л од 31.10.2018 год. на Герман Шуклев од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1508/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 5 и член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.09.2020 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Дојран за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со линискиот превоз помеѓу Општина Дојран, Општина Богданци и Општина Гевгелија, донесе

## ОДЛУКА

### за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со линискиот превоз помеѓу Општина Дојран, Општина Богданци и Општина Гевгелија

1.Се прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Дојран за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со линискиот превоз помеѓу Општина Дојран, Општина Богданци и Општина Гевгелија, донесена од Советот на Општина Дојран под архивски бр.08-791/5 од 16.09.2020 година.

2.По прифаќањето на Иницијативата од Советите на трите општини, Советот на Општина Гевгелија ќе именува два члена во заедничката комисија заради подготовка на предлог-актите за воспоставување меѓуопштинска соработка и предлози на акти, со кои се предлага да се основаат или формираат облиците преку кои ќе се остварува заедничката соработка.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1509/1
30.09.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Г1 во износ од 200.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 200.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/261
18.08.2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија**
**М-р Сашо Поцков**

-

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Д1 во износ од 18.000,00 денари се доделуваат на **МЗ Габрово** (Јован Белчев) од Габрово за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**МЗ Габрово** (Јован Белчев) од Габрово поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 18.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/264
27.08.2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Г1 во износ од 200.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за

доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 200.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/288
17.09.2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери, Програма Д1 во износ од 27.000,00 денари се доделуваат на **МЗ Серменин (Џоко Стојанов).**

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**МЗ Серменин (Џоко Стојанов)** од Серменин поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 27.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/285
14.09. 2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год., 08/10год., 18/14год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на **Костадин Ѓоргиев** од Гевгелија за лекување.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## О б р а з л о ж е н и е

**Костадин Ѓоргиев** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за лекување.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 6.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/203
08.07. 2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год., 08/10год., 18/14год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 59.976,00 денари се доделуваат на **Елизабета Илиевска-Томовска** од Гевгелија за донација за монографија.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

**Елизабета Илиевска -Томовска** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за донација за монографија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 59.976,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/85
05.03. 2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год., 08/10год., 18/14год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 23.600,00 денари се доделуваат на **МЗ Прдејци** од Прдејци за организација за Св. Трифун.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

**МЗ Прдејци** од Прдејци поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за организација за Св. Трифун.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 23.600,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/81
05.03. 2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год., 08/10год., 18/14год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 17.500,00 денари се доделуваат на **Студио С4К ДООЕЛ** од Гевгелија за печатење на церада за спортски натпревар.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Образложение

**Студио С4К ДООЕЛ** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за печатење на церада за спортски натпревар.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година во износ од 17.500,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/80
05.03. 2020

**Градоначалник**
**на општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год., 08/10год., 18/14год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

РЕШЕНИЕ

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2020 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 19.800,00 денари

се доделуваат на **ДПТТ СТОКОЛ ДООЕЛ експорт-Импорт** од Гевгелија за донација за социјални случаи за Велигден.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Образложение

**ДПТТ СТОКОЛ ДООЕЛ Експорт-Импорт** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година за донација за социјални случаи за Велигден.

